Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на [redacted] за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши расчистување на урбано зеленило ( останато зеленило ) на самониктата ниска вегетација, што се наоѓа на **КП 5/3, КО Идризово – Скопје.**
2. Расчистување на самониктата ниска вегетација да се изврши и организира од барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Расчистување на самониктата ниска вегетација да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

[redacted] **- Скопје, ул. "11" бр. 1 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/6** од **10.01.2023** година, за отстранување на диви грмушки, што се наоѓа на **КП 5/3, КО Идризово – Скопје.**
Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека, може да се дозволи само расчистување на самониктата ниска вегетација на парцелата заради расчистување на истата.
Согласно член 10 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување од членот 1 став 2 од овој закон кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица или дадени на нивни користење.
Согласно член 11 став 1 точка 6 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило како дека и барателот ги исполнува услови да му се издаде бараното решение па поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.
**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/6/2**
**25.01.2022** година
Скопје
**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

контролирал:

**Раководител на Одд.**
**Емил Ѓуровиќ**

По овластување на
Градоначалникот на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

**Зоран Лапевски**